# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 5 | Скопје, сабата 28. февруари 1948 година | Год. IV

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса »Службен весник на НРМ« — Скопје, ул. Маршал Тито бр. 10 Пошт. фах. 51 Ракописите не се враќаат.

Цена на овој број е 8 динари. Претплата за цела година 250, за пола година 125 — Огласите се примаат по тарифа објавена во бр. 25/47 год.


*26*

### УКАЗ

Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, врз основа чл. 73 т. 4 од Уставот на Народна Република Македонија а во врска со чл. 4 т. 3 и чл. 6 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НР Македонија, го прогласує Законот за потврдуење, изменуење и дополнуење на Законот за пензионирање и востановуење правото на пензија на службениците на бившите административно-политички самоуправни единици на подрачјето на Народна Република Македонија од 10 септември 1946 година кој што на основа овластуењето од чл. 128 од Уставот на НР Македонија го изгласало Народното собрание на НР Македонија, а кој гласи

### ЗАКОН

### ЗА ПОТВРДУЕЊЕ, ИЗМЕНУЕЊЕ И ДОПОЛНУЕЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИОНИРАЊЕ И ВОСТАНОВУЕЊЕ ПРАВОТО НА ПЕНЗИЈА НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА БИВШИТЕ АДМИНИСТРАТИВНО — ПОЛИТИЧКИ САМОУПРАВНИ ЕДИНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Законот за пензионирање и востановуење правото на пензија на службеници на бившите административно — политички самоуправни единици на подрачјето на Народна Република Македонија од 10 септември 1946 година се потврдуе во изменуењата и дополнуењата на овој Закон така да неговио. изменев и пречистен текст гласи:

### ЗАКОН

### ЗА ПЕНЗИОНИРАЊЕ И ВОСТАНОВУЕЊЕ ПРАВОТО НА ПЕНЗИЈА НА БИВШИТЕ САМОУПРАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И ПЕНЗИОНЕРИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### НАЧЕЛНИ ОДРЕДБИ

#### Член 1

На бившите службеници и на пензионерите на бановинските, обласните, жупанските, окружните, околиските градските и општинските самоуправни тела, на нивните стопански претпријатија и на нивните установи, кои што служеле во звања со право на пензија по законите што важеле до 6 април 1941 година, се признава право на лична пензија, како и право на семејна пензија на нивните семејства под условите на овој Закон.

#### Член 2

Досегашните пензии како срества за социално осигурање на бившите самоуправни пензионери и нивните семејства во начало се признаваат, но подлежат на ревизија и за понатамошното ползуење на истите важат прописите на овој Закон. На ревизија подлежат и има да се сообразат со прописите на овој Закон и другите примања од бившите самоуправни буџети и самоуправни фондови во вид на постојана месечна помош.

Под месечна помош во смисол на овој Закон се подразбираат постојаните помошти, признанија, издржавања, милостиња и слични давања, одредени во оквир на пензионите прописи или специалните закони до ослободуењето.

#### Член 3

Службениците означени во член 1 на овој Закон се ставаат во пензија со 6 ноември 1945 година:

1) ако активната служба им престанала през време на војната од 6 април 1941 до ослободуењето доколку не се превземени во државна служба;

2) ако ослободуењето ги затекнало во активна служба или во пленство, пак след ослободуењето односно след нивното враќање од пленство не се превземени во државна служба;

3) ако биле пензионирани во време на војната од 6 април 1941 година до ослободуењето, а одлуките за нивното пензионирање се укинати согласно член 8 од Одлуката на Антифашиското веќе на Народното ослободуење на Југославија бр. 132 од 3 февруари 1945 година потврдена со Законот за неважност на правните прописи донесени пред 6 април 1941 година и во време на непријателската окупација, доколку не се превземени во државна служба;

4) ако след ослободуењето биле превземени во државна служба, пак до влегуењето во сила на Уредбата за пензионирање на државните службеници биле ставени на расположение или отпуштени или привремено пензионирани;

5) ако службата им престанала пред 6 април 1941 година поради нивниот слободумен и антифашистички став, а на таја дата имале 50 години возраст и 10 години ефективна служба.

#### Член 4

На пензија односно помош по овој Закон немаат право лицата:

1) кои што се со судска пресуда осудени на губиток националната чест доколку казната трае;

2) кои што се осудени на губиток граѓанските права, освен родителските;

3) кои што се лишени од избирачко право, освен поради ставање под старателство;

4) кои што во време на окупацијата биле под оражје во служба на окупаторите и нивните помагачи, а не пришле кон Народноослободителната борба, ниту истата на макар кој да било начин ја помагале;

5) кои што биле организатори, функционери и активни членови на квислиншки организации или се обележиле со квислиншка работа освен оние што ќе докажат дека во тие организации учествуеле само привидно со цел да нанесат штета на окупаторите и нивните помагачи и кои што после пристапиле кон народно—ослободителната борба или со дело ја помагале.

Член 9

За пресметуење на месечниот износ на личните пензии се установуат 14 пензиски основи, во кои пензионерите се распоредуваат вака:

| Пензиски основ | Лични пензионери кои во часот на пензионирањето биле разврстани во попожајни групи: | Лични пензионери кои во часот на пензионирањето не биле разврстани по положајни групи, но примале плата во размер |
|---|---|---|
| I 4.600.— | III-2 | преку 4.500.— дин. |
| II 4.400.— | IV-1 | „ 4.000 до 4.500.— „ |
| III 4.200.— | IV-2 | „ 3.100 до 4.000.— „ |
| IV 4.000.— | V | „ 2.700 до 3.100.— „ |
| V 3.800.— | VI | „ 2.300 до 2.700.— „ |
| VI 3.600.— | VII | „ 2.040 до 2.300.— „ |
| VII 3.400.— | — | „ 1.900 до 2.040.— „ |
| VIII 3.200.— | VIII | „ 1.800 до 1.900.— „ |
| IX 3.000.— | — | „ 1.700 до 1.800.— „ |
| X 2.800.— | IX | „ 1.500 до 1.700.— „ |
| XI 2.600.— | чиновнички приправници со факултетска опрема | „ 1.300 до 1.500.— „ |
| XII 2.400.— | X група; званичници I група и чиновнички приправници со полна средношколска спрема | „ 1.200 до 1.300.— „ |
| XIII 2.200.— | Званичници II и III група и чиновнички приправници со неполна средношколска спрема | „ 1.100 до 1.200.— „ |
| XIV 2.000.— | Служители | до 1.100.— „ |

Пензионери на кои пензијата им е определена согласно со одредбите на Законот за чиновниците и останатите државни службеници од граѓански ред од 1923 година положајната група за распоредуење по претходниот став се определуе по правните правила содржани во прописите на §§ 249, 258 и 251 од Законот за чиновниците од 1931 година.

На пензионери во бивши самоуправи на кои пензиите им биле одредени по прописите донесени пред 1 септември 1923 година износот на пензијата к'е се одредуе од случај до случај при кое освен условите по член 8 став I од овој Закон к'е се имаат предвид и звањето односно должноста на лицето во часот на неговото пензионирање и според тоа к'е се одреди соответен износ на личната пензија според основите во член 9 на овој Закон.

На службениците на бивши самоуправи кои што се пензионирани пред влегуењето во сила на Законот за општините од 14 март 1933 година и на Законот за градските општини од 22 јуни 1934 година според платата која што била поголема од платата што би ја примале ако би биле при влегуењето во сила на овие закони затечени во самоуправна служба, како и на пензионерите чија плата била несразмерно поголема од платата по соответните прописи на државните службеници, к'е им се одреди пензиски основ по овој член след сообразуењето на платите на вакви пензионери со платито предвидени за соответни звања во наведените закони.

Предниот став не се однесуе на пензионерите на бившите самоуправи на кои што пензијата им е одредена по прописите донесени пред 1 септември 1923 година.

Член 10

На самоуправни службеници кои активно учествуеле во Народно-ослободителната борба па поради нарушено здравје станале неспособни за служба, а немаат 10 години ефективна служба к'е им се одреди пензија како да имаат 10 години ефективна служба.

Член 11

На пензионер кој што е пензиониран поради тоа што за натамошна служба станал неспособен од озледи или повреди задобиени без негова кривица на службена работа или по повод на таква работа, доколку не е осигурен по специјални прописи, к'е се одреди:

а) без обзир на неговите години на живот и служба пензија во 100% од пензискиот основ еко е наполно неспособен за макар каква стопанска работа воопшто, а таква неспособност настапила во часот на повредуењето или озлздуењето;

б) без обзир на неговите години на живот но со 10 години ефективна служба пензија која му припаг'а по чл. 8 и 9 од овој Закон увеличане со 10%.

Член 12

Освен пензија на личните пензионери им припаг'а и семеси додаток за деца по 175 динари месечно за овнов дете до навршена 17-годишне возраст односно до навршене 23-годишна возраст ако детето е на редовно школуење, но под услов детето де нема никакви приходи, де не прима стипандија и да не е сместено во било каков завод за бесплатно издржавање. Во случај да е детето неспособно за привредуење додатокот за него следуе додека трае таа неспособност без обзир на неговите години под услов таа неспособност да настапила пред навршена 17 односно 23-годишна возраст.

Додатокот припаг'а за брачни, вонбрачни и усвоени деца, како и за пасторчиња и сирачиња без родители земени на издршка ако пензионерот стварно ги издржава и ако тие стварно со него заедно живеат.

Ако обата родители се самоуправни пензионери или едниот од нив е активен државен службеник или државен пензионер семејниот додаток за деца припаг'а на таткото. Во случај на одвоен живот на родителите додатокот за дете припаг'а на оној родител при кого детето се навог'а на издржавање. Доколку таткото плак'а на мајката издржавање за дете кое се навог'а при неа додатокот припаг'а на таткото.

Ако само мајката е самоуправен пензионер додатокот за дете и припаг'а вамо во случај да е таткото безработен и без издржавање.

## СЕМЕЈНИ ПЕНЗИИ

Член 13

Право на семејна пензија има законитата жена, брачните и ванбрачните деца и родителите на активен службеник или пензионер кој што има најмалку пет години ефективна служба, а умрел како активен службеник или личен пензионер.

На семејство на службеник кој што не некоја самоуправна службена работа или по повод на таква работа без своја кривица загинал или бил повреден пак од тов умрел, а немал пет години ефективна служба к'е се одреди пензија како да имал пет години ефективна самоуправна служба.

## ПОМОШТИ

Член 24

На уживателите на помош на кои истата им е одредена во границите на пензионите прописи ако на 6 ноември 1945 година навршиле 50 годишна возраст, а на помладите од 50 години ако се неспособни за привредување и в ним са одреди помош и тоа:

1) на лица кои што во службата имале звање чиновник со 1.250 динари месечно;

2) на лица кои што во службата имале звање потчиновник, званичник или на тие звања друго равно звање со 1.100 динари месечно;

3) на лица кои што во службата имале звање послужител или на това звање друго равно звање со 1.000 динари месечно.

Член 25

На лица кои што на 6 ноември 1945 година навршиле 50 годишна возраст а немаат десет години ефективна самоуправна служба и на лицата неспособни за привредување кои што немаат 50 годишна возраст ни десет години ефективна служба к'е им се одреди помош во износ од 50% од основот за пензија по член 9 на овој Закон. Од ова се исклучуат оние лица кои што примаат инвалиднина.

На такво лице кое станало неспособно за привредување поради озледи или поради повреди добиени без негова кривица на службена работа или по повод на службена работа к'е му се одреди помош во износ од 50% од основот за пензија по член 9 на овој Закон увеличане до 10%.

Член 26

Помош од 75% од износот предвиден во член 24 на овој Закон, а под условите од член 16, 17 и 18 на овој Закон к'е се одреди:

1) на семејствата кои што де сега уживале помош одредена во границите на пензионите прописи;

2) на семејствата на лица од член 24 на овој Закон;

3) на семејствата на лица од член 25 и точка а) на член 11 на овој Закон ако тие лица немале пет години ефективна служба;

4) на семејните пензионери кои што имале право на пензија, пак за одредување, на истата на ги исполнуат условите од став I на член 13 од овој Закон.

Член 27

На пензионерите на кои што поради недостаток на документи не би можела да се одреди пензија по прописите на овој Закон к'е им се одреди помош од член 24, 25 и 26 на овој Закон.

Член 28

Помошта од член 24, член 25 став I и член 26 на овој Закон се одредуе и исплатуе на оние лица кои што немаат други средства за издржавање, а помошта од член 25 став II и од член 27 на овој Закон под условите на член 35 од овој Закон.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 29

Едно лице не може да прима две пензии но има право на избор. Ова важи како кога се обете пензии од државната каса, така и кога едната е од државната каса, а другата од установа на социалното осигурање или од некој фонд. Истото важи и кога едно лице има право на пензија и право на помош по овој Закон, освен помошите, потпорите и наградите од чл. 29 од Законот за установување правото на пензија и пензионирањето на државните службеници.

Ако едно лице има право на лична пензија од државната каса и на лична пензија од социално осигурање оно има право да бара пензијата од социалното осигурање да му се пресметне на тој начин што времето проведене на социално осигурање к'е се собере со времето проведено во самоуправна служба и, според така добиеното вкупно време, к'е му се одреди пензија по прописите за социално осигурање, од која к'е се одбие и износот на државната пензија а евентуалната разлика к'е се исплатуе.

Член 30

Никој на може да лопзуе пензија во странство без одобрение од Министерот на финансиите на ФНРЈ.

Член 31

Забрани за државни и приватно-правни барања можат да се стават до една третина, а за алиментации до една половина од пензијата односно помошта, без семејниот додаток.

Член 32

След смртта на личен пензионер за неговото погребение к'е се исплати износот од двомесечната бруто пензија на лицето кое што ги поднело трошковите за погребението но истиот износ не може да биде поголем од пензискиот основ. Ако на пензионерот му била исплак ана пензија намалена по чл. 36 на овој Закон за погребението му к'е се исплати двомесечниот износ од така намалената пензија.

Член 33

Пензионерите и уживателите на помошти на кои што по извршената ревизија по овој Закон к'е им се одреди пензија односно помош, го губат тоа право:

1) со губиток на државјанството на ФНРЈ;

2) со реактивирање; и

3) со осуда на казна смрт или лишение од слобода со присилна работа над три години;

Доплатуењето на пензијата односно помошта се обуставуе по правносилна осуда на пензионер на казна лишение од слобода со присилна работа до три години, лишение од слобода, поправителна работа и губиток на гра'анските права освен родителските, додека казната трае.

Додека пензионерот е во истражен затвор пензијата не му се исплатуе но ако има семејство, на семејството к'е се исплатуе половината од пензијата и семејните додатоци без намаление. Обуставената пензија односно половината пензија к'е се исплати на пензионерот ако биде ослободен од одговорност. Истото важи и за уживателите на помош.

Исплатуењето на пензијата се обуставуе при стапување во било каква служба која не е реактивирање, ако бруто приходот од таја служба е поголем од пензискиот основ од кој што на пензионерот му е одредена пензијата. Ако приходот е помал од пензискиот основ, од пензијата к'е се исплатуе износот на разликата ме'у пензискиот основ и тој приход.

Министерот на трудот може со решението да изречуе привремен или постојанен губиток на пензијата односно помошта на оние пензионери, кои што не се одзоват на позив за повраток во служба, доколку се способни за работа и доколку со тоа реактивирање не би добиле плата помала од пензијата односно помошта.

Член 34

Семејната пензија односно помошта одредена по овој Закон ја губат:

1) вдовицата, децата и родителите:

а) со губиток државјанството на ФНРЈ; б) со стапување во државна служба додека таја служба трае; в) со осуда на казна смрт или лишение од слобода со присилна работа преку три години;

2) децата: со извршуење 17 годишна возраст, а ако се наредовно школуење со навршуење 23 годишна возраст;

3) мајката, вдовицата и женските деца со мажење.

Со стапуење во работа или со добивање макар кој вид по-

никој од кого што го изведуе правото на пензија или дека е совиновник на неговата смрт; и

в) право на семејна пензија не припаѓа на вдовица, ако, бракот се пензионерот е склопен после влегуењето во сила на овој Закон, како ни во случај ако бракот е склопен пред влегуењето во сила на овој Закон но до смртта на пензионерот не изминала една година од склопуењето на бракот.

Член 46

Владата се овластуе да го регулира прашањето за запослуењето на пензионерите, како и да ги менуе по потреба износите на пензиите, помоштите, додатоците и другите примања одредени со овој Закон.

Министерот на трудот се овластуе со правилник да пропише поблиски прописи за извршуењето на овој Закон, како и да дава напаствија за неговото прилагање.

Член 47

Овој Закон влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

У. Бр. 16, 2 јануари 1948 год., Скопје

Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија

Секретар,
Крсте Црвенковски, с. р.

Претседател,
Богоја Фотев, с. р.

27

Врз основа чл. 11 од Основниот закон за буџетот, по предлогот на Министерот на финансиите на НРМ а во врска со Уредбата за привремено финансирање на државните потреби на Федеративна Народна Република Југославија и потребите на народните републики за периодот јануари—март 1948 година, Владата на Народна Република Македонија донесуе

# Уредба

## ЗА ПРИВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ ДРЖАВНИТЕ ПОТРЕБИ НА НАРОДНА [illegible]ЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПОТРЕБИТЕ НА НАРОДНИТЕ ОДБОРИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ—МАРТ 1948 ГОДИНА

Чл. 1

До донесуење на државниот буџет за 1948 год. привременото фи[illegible]ње на др[illegible]е потреби на Народната Република Македонија и потребите на народните одбори ке се врши на основа тримесечните планови на приходите и расходите за периодот јануари—март 1948 год.

Чл. 2

За финансирање потребите на чл. 1 се одобруат приходи и расходи по тримесечните планови за периодот јануари—март 1948 година и тоа:

1. — Во тримесечниот план по Републиканскиот буџет:
   приходи во износ од — — Дин. 489,636.114.—
   расходи во износ од — — Дин. 487,697.114.—
   Вишок на приходи Дин. 1,939.000.—
2. — Во тримесечните планови по буџетите на народните одбори:
   приходи во износ од — — Дин. 250,363.886.—
   расходи во износ од — — Дин. 252,302.886.—
   Вишок на расходите Дин. 1,939.000.—

Од вредната сума отпаѓа на:

Град Скопје:
приходи — — — — — — Дин. 81,106.224.—
расходи — — — — — — Дин. 81,106.224.—

Градски народен одбор — Битола
приходи — — — — — Дин. 10,958.400.—
расходи — — — — — Дин. 10,958.400.—

Градски народен одбор — Куманово
приходи — — — — — — Дин. 5,397.000.—
расходи — — — — — — Дин. 5,397.000.—

Градски народен одбор — Охрид
приходи — — — — — — Дин. 4,369.140.—
расходи — — — — — — Дин. 4,369.140.—

Градски народен одбор — Прилеп
приходи — — — — — — Дин. 5,765.145.—
расходи — — — — — — Дин. 5,765.145.—

Градски народен одбор — Струмица
приходи — — — — — — Дин. 4,128.000.—
расходи — — — — — — Дин. 4,128.000.—

Градски народен одбор — Тетово
приходи — — — — — — Дин. 5,079.985.—
расходи — — — — — — Дин. 5,079.985.—

Градски народен одбор — Т. Велес
приходи — — — — — — Дин. 4,484.000.—
расходи — — — — — — Дин. 4,484.000.—

Градски народен одбор — Штип
приходи — — — — — — Дин. 3,960.894.—
расходи — — — — — — Дин. 3,960.894.—

Околија — Берово
приходи — — — — — — Дин. 2,760.219.—
расходи — — — — — — Дин. 2,760.219.—

Околија — Битола
приходи — — — — — — Дин. 8,095.000.—
расходи — — — — — — Дин. 8,095.000.—

Околија — Брод
приходи — — — — — — Дин. 2,259.985.—
расходи — — — — — — Дин. 3,079.985.—
Вишок на расходите — — Дин. 820.000.—

Околија — Гостивар
приходи — — — — — — Дин. 7,113.353.—
расходи — — — — — — Дин. 7,113.353.—

Околија — Дебар
приходи — — — — — Дин. 3,600.000.—
расходи — — — — — Дин. 3,600.000.—

Околија — Ѓевѓелија
приходи — — — — — Дин. 7,958.405.—
расходи — — — — — Дин. 7,958.405.—

Околија — Ѓорче Петров
приходи — — — — — — Дин. 3,660.788.—
расходи — — — — — — Дин. 3,660.788.—

Околија — Кавадарци
приходи — — — — — Дин. 6,000.000.—
расходи — — — — — Дин. 6,000.000.—

Околија — Кичево
приходи — — — — — — Дин. 4,962.112.—
расходи — — — — — — Дин. 4,962.112.—

Околија — Кочани
приходи — — — — — — Дин. 4,235.076.—
расходи — — — — — — Дин. 4,235.076.—

Околија — Кратово
приходи — — — — — — Дин. 3,835.537.—
расходи — — — — — — Дин. 3,835.537.—

Околија — Крива Паланка
приходи — — — — — — Дин. 2,769.199.—
расходи — — — — — — Дин. 3,552.199.—
вишок на расходите — — Дин. 783.000.—

Околија — Крушево

приходи — — — — — — Дин. 2,114.000.—
расходи — — — — — — Дин. 2,450.000.—
вишок на расходите — — Дин. 336.000.—

Околија — Куманово

приходи — — — — — — Дин. 5,584.461.—
расходи — — — — — — Дин. 5,584.461.—

Околија — Охрид

приходи — — — — — — Дин. 3,903.520.—
расходи — — — — — — Дин. 3,903.520.—

Околија — Прилеп

приходи — — — — — — Дин. 7,728.606.—
расходи — — — — — — Дин. 7,728.606.—

Околија — Радовиш

приходи — — — — — — Дин. 3,935.338.—
расходи — — — — — — Дин. 3,935.338.—

Околија — Ресен

приходи — — — — — — Дин. 3,659.815.—
расходи — — — — — — Дин. 3,659.815.—

Околија — Свети Николе

приходи — — — — — — Дин. 3,530.000.—
расходи — — — — — — Дин. 3,530.000.—

Околија — Скопје

приходи — — — — — — Дин. 6,511.000.—
расходи — — — — — — Дин. 6,511.000.—

Околија — Слепче

приходи — — — — — — Дин. 3,266.825.—
расходи — — — — — — Дин. 3,266.825.—

Околија — Струга

приходи — — — — — — Дин. 4,000.000.—
расходи — — — — — — Дин. 4,000.000.—

Околија Струмица

приходи — — — — — — Дин. 6,725.300.—
расходи — — — — — — Дин. 6,725.300.—

Околија — Тетово

приходи — — — — — — Дин. 6,645.300.—
расходи — — — — — — Дин. 6,645.300.—

Околија — Титов Велес

приходи — — — — — — Дин. 4,844.766.—
расходи — — — — — — Дин. 4,844.766.—

Околија — Царево Село

приходи — — — — — — Дин. 2,287.477.—
расходи — — — — — — Дин. 2,287.477.—

Околија — Штип

приходи — — — — — — Дин. 3,129.000.—
расходи — — — — — — Дин. 3,129.000.—

Тримесечните планови по Републиканскиот и одборските буџети вкупно:

приходи — — — — — — Дин. 740,000.000.—
расходи — — — — — — Дин. 740,000.000.—

Чл. 3

Приходите и расхдите одобрени во чл. 2 за тримесечието јануари—март 1948 година сочинуаа составен дел од вкупните износи што ке бидат одобрени од државниот буџет за Народната Република Македонија за 1948 година.

Чл. 4

Од наплатениот данок на доход на територијата на Народната Република Македонија во периодот јануари—март 1948 година ке се одделуе во полза на сојузниот буџет следните износи:

а. — од данокот на доход на работници, намештеници и службеници — — — — — — 3%
б. — од данок на доход на земјоделци — — — 1%
в. — од данок на доход на кооперации — — — 4%
г. — од данокот на доход од друшт. организации 5%
д. — од данок на доход на часни занимања и имоти — — — — — — — — — — 2%
ѓ. — од наплатениот должен данок на доход од сите видови — — — — — — — — 1,5%

Чл. 5

За изравнение на тримесечните планови на приходите и расходите на народните одбори за периодот јануари—март 1948 година на народните одбори им се остапуат следните износи од сите видови данок на доход, што ке се наплатат на нивната територија:

на град — Скопје — — — — — — — — 90%
на Градскиот народен одбор — Битола — — — 65%
на Градскиот народен одбор — Охрид — — — 90%
на Градскиот народен одбор — Прилеп — — — 30%
на Градскиот народен одбор — Струмица — — 50%
на Градскиот народен одбор — Тетово — — — 50%
на Градскиот народен одбор — Титов Велес — — 90%
на Градскиот народен одбор — Штип — — — 90%
на Околијата — Берово — — — — — — 60%
на Околијата — Битола — — — — — — 50%
на Околијата — Ѓевѓелија — — — — — 50%
на Околијата — Брод — — — — — — — 90%
на Околијата — Гостивар — — — — — — 70%
на Околијата — Ѓорче Петров — — — — — 30%
на Околијата — Дебар — — — — — — — 90%
на Околијата — Кавадарци — — — — — 35%
на Околијата — Кичево — — — — — — 90%
на Околијата — Кочани — — — — — — 30%
на Околијата — Кратово — — — — — — 50%
на Околијата — Крива Паланка — — — — 90%
на Околијата — Крушево — — — — — — 90%
на Околијата — Куманово — — — — — — 50%
на Околијата — Охрид — — — — — — 90%
на Околијата — Прилеп — — — — — — 35%
на Околијата — Радовиш — — — — — — 30%
на Околијата — Ресен — — — — — — — 40%
на Околијата — Свети Николе — — — — — 40%
на Околијата — Скопје — — — — — — 25%
на Околијата — Слепче — — — — — — 98%
на Околијата — Струга — — — — — — 90%
на Околијата — Струмица — — — — — — 25%
на Околијата — Тетово — — — — — — 50%
на Околијата — Титов Велес — — — — — 50%
на Околијата — Царево Село — — — — — 80%
на Околијата — Штип — — — — — — — 50%

Чл. 6

Износите на сојузните приходи што ке им се отстапат на народните одбори со цел да се урамнотежат нивните буџети за 1948 година, ке бидат утврдени со финансискиот закон со кој што ке се одобри Државниот буџет на Народна Република Македонија за 1948 година.

Чл. 7

Вишокот на расходите над приходите во тримесечниот план на приходите и расходите за јануари—март 1948 година во буџетите на:

Околијата — Брод во износ од — — Дин. 320.000.—

Околијата — Кр. Паланка во износ од Дин. 783.000.—

Околијата — Крушево во износ од — Дин. 336.000.—

ќе се подмират од тримесечниот план на републиканскиот буџет за јануари—март 1948 година.

Чл. 8

Оваа Уредба влегуе во сила од денот на објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија" а ќе се применуе од 1 јануари 1948 година.

Бр. 1854 од 11. II. 1948 год.

Претседател на Владата на
Н. Р. Македонија,
Л. Колишевски, с. р.

Министер на финансиите,
Д. Џамбаз, с. р.

## 28

Врз основа чл. 78 од Уставот на Народна Република Македонија и чл. 25 и 26 од Законот за даноците, а на предлог на Министерот на финансиите, Владата на Народна Република Македонија ја пропишуе следната

## УРЕДБА
## ЗА МЕСТЕН САМОДОПРИНОС

Член 1

Местен самодопринос а данок кој преку самооданочуење може да се воведуе само во селата и малите градови (градчињата, пазариштата) за извршуење одредени задачи за унапредуење и издигање материјалниот и културниот живот на граѓаните од местата каде што тој се воведуе, како што се: градење и поправка на училишта, болници, здравствени станици, патишта, мостови, домови на култура, бунари, исушуења на мочуришта и слично.

Член 2

Ако еден местен народен одбор обфаќа територија на повеќе села, местен самодопринос може да се воведе во едно село, во повеќе села или сите села во тој народен одбор во колку е намената на месниот самодопринос за заедничка употреба.

Ако два или повеќе месни народни одбори имаат потреба од местен самодопринос за заедничка намена, можат да воведуат заеднички местен самодопринос. Во таков случај заинтересираните месни народни одбори ќе се договорат каков дел од месниот самодопринос ќе падне на граѓаните на одделен местен народен одбор.

Член 3

Предлог за воведуење на местен самодопринос прави месниот народен одбор или бирачите на односното место.

Член 4

Заклучение за воведуење на местен самодопринос може да донесуе само зборот на бирачите на кој мора да е присат но повеќе од половината на бирачите.

Заклучението е правосилно ако е донесено со согласие на повеќе од половината на присатните бирачи.

Член 5

Зборот на бирачите го води претседателството избрано на зборот на бирачите. За време на решавањето са води записник.

Член 6

Зборот на бирачите определуе:

а) намената на што н'е се употреби месниот самодопринос;

б) висината на паричниот износ, видот и количината на материјалот и видот и количината на работата кои се потребни за извршуење на определената намена;

в) основ по кој што к'е се врши облагањето висината на паричниот износ и видот и количината на материјалот што секој обврзник одделно е должен да даде. Ова право зборот на бирачите може да го пренесе во целост или делом на месниот народен одбор;

г) срокот до кога к'е се изврши определената намена и срокови за исполнение на индивидуалните обврски;

д) кој од граѓаните треба да се ослободи потполно од местен самодопринос или кои н'е го плак'ат во намален износ.

Член 7

Со местен самодопринос не можат да се покриват чисто административни расходи и да се извршават налози одредени со буџетот, ниту да се употребуе за друга намена од заклучението на зборот на бирачите.

Член 8

На основа заклучението на зборот на бирачите за самооданочуење месниот народен одбор донесуе одлука за воведуење на местен самодопринос.

Одлуката на месниот народен одбор е задолжителна за сите граѓани, стопански претпријатија кооперации и општествени организации, кои на територијата на одделно место имаат свое пребивалиште односно приходни извори.

Месниот народен одбор одлуката за воведуење на местен самодопринос к'е ја достави на извршниот одбор на околиски народен одбор.

Член 9

Државните стопански претпријатија, државните надлештва и установи не плак'аат местен самодопринос.

Зборот на бирачите може да ги ослободи од обврска на местен самодопринос во целост или делом домакинствата на војните, воените и трудовите инвалиди како и други домак'инства за кои плак'ањето на месниот самодопринос би им причинила нарочна материјална тешкотија.

Член 10

При определуењето на висината на месечниот самодопринос мора зборот на бирачите да ја земе во предвид целокупната стопанска моќ на местото каде тој се воведуе, така да плак'ањето на месниот самодопринос не ја доведе во прашање наплатата на редовните државни приходи.

Член 11

Месниот самодопринос се облага на кооперациите и општествените организации спрема доходот, а на домак'инствата, часните претпријатија, занаетија и имоти спрема: доходот, имотот или воопште спрема економската сила.

Член 12

Ако облогот на местен самодопринос се врши спрема до-

каде, висината на распоредениот месген самодопринос не може да надмине:

а) 1% од приходите на работниците, намештениците и службениците;

б) 0,50% од приходите на селските трудови кооперации и нивните сојузи;

в) кај другите кооперации и нивните сојузи;

1% од приходите кои кооперациите исплатуваат на своите членови за вложениот труд;

2% од приходите кои кооперациите делат на своите членови ва зависност од нивната дејност со кооперацијата;

2% од приходите кои ги делат кооперациите на своите членови според нивното участие во кооперацијата со делозиат капитал и инвентарот;

г) 1% од доходот на општествените организации;

д) 3% од доходот на земјоделските домаќинства;

ѓ) 4% од доходот на чесните занаетија и имоти;

Член 13

Облогот на местен самодопринос се саопштуе на обврзниците со ставање списокот на јавен увид за време од 8 дена.

Член 14

Против одлуката за облог со местен самодопринос може да се даде жалба до извршниот одбор на надлежниот околиски народен одбор во срок од 30 дена од соопштението. Како ден на соопштението се смета последниот ден од срокот од чл. 13.

Член 15

На благовремено неплатениот местен самодопринос обврзникот к'е плак'а 6% лихва годишно.

Во однос на редовната и принудната наплата на месниот самодопринос к'е се применуваат прописите кои важат за данокот на доход.

Член 16

Приходите во пари од месниот самодопринос и расходите кои к'е се вршат на терет на тие приходи мораат да се предвидуат во буџетот на месниот народен одбор за таја година.

Ако се месниот самодопринос облага во парични износи и давање материјал, тоа, само паричните износи се покажуваат во буџетот, а превземените обврски во давање материјал к'е се покажат во посебен преглед кои к'е се приложи кон буџетот.

Во случај да се нуждата за воведуење на местен самодопринос јави след донесуењето на редовниот буџет, к'е се состави засебен дополнителен буџет за местен самодопринос.

Ако повек'е месни народни одбори воведат заеднички местен самодопринос спрема чл. 2 став 2 од оваа Уредба, тогај секој од тие одбори к'е предвиди во својот буџет износ од месниот самодопринос кој паг'а на него по преписите на првите три става од овој член.

Член 17

Редовна контрола за правилно применуење на оваа Уредба вршат околиските народни одбори.

Член 18

Се овластуе Министерот на финансиите на Народна Република Македонија да издава напатствија за исполнение на оваа Уредба.

Член 19

Оваа Уредба влегуе во сила од денот на објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 1855 11. II. 1948 год. Скопје

Министер на финансиите, Д. Џамбаз, е. р.

Претседател на владата на НРМ Л. Колишевски, с. р.

*29*

Врз основа на член 3 став 1 и 3 од Законот за државната арбитража, Владата на Народна Република Македонија ја пропишуе следната

## УРЕДБА

### за образуење државни арбитражи но територијата на Народна Република Македонија

Член 1

На територијата на Народна Република Македонија се образуат државни арбитражи при градските народни одбори на град Скопје, на град Битола и на град Штип (градски државни арбитражи).

Државната арбитража при Градскиот народен одбор на град Скопје е месно надлежна за градовите: Скопје, Куманово, Тетово и Титов Велес и околиите: Скопска, Горче Петровска, Г'евгелиска, Гостиварска, Дебарска, Кавадарска, Кривопаланачка, Кумановска, Тетовска и Титов Велешка

Државната арбитража при Градскиот народен одбор на град Битола е месно надлежна за градовите: Битола, Охрид и Прилеп и за околиите: Битолска, Бродска, Демир Хисарска, Кичевска, Крушевска, Охридска, Прилепска, Ресенска и Струшка.

Државната арбитража при Градскиот народен одбор на град Штиш е месно надлежна за градовите: Штип и Струмица и за околиите: Беровска, Кочанска, Кратовска, Радовишка, Св. Николска, Струмичка, Царево Селска и Штипска

Член 2

Надлежноста на градските државни арбитражи се одредуе по чл. 11 од Законот за државната арбитража, а за територијата на наведените околии односно градови.

Член 3

Со влегуењето во сила на оваа Уредба престануе да важи Уредбата за оснивање државни арбитражни совети на подрачјето на Народна Република Македонија од 18 II. 1947 година („Службен весник на НРМ" бр. 7 од 12 март 1947 година).

Член 4

Оваа Уредба влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 1818 11. II. 1948 год. Скопје

Министер за индустрија и рударство Инж. Г. Василев, с. р.

Претседател на Владата на НР Македонија Л. Колишевски, е. р.

*30*

Врз основа чл. 79 став 2 од Уставот на Народна Република Македонија, Владата на Народна Република Македонија, на предлог на Министерот за комунални работи донесуе

## УРЕДБА

### за основање Управа за локална индустрија и занаетчиство при Министерството за комунални работи

Член 1

При Министерството за комунални работи се основа Управа за локална индустрија и занаетчиство.

Седалиштето на Управата е во град Скопје.

Член 2

Управата е административно-оперативен раководител на претпријатијата од републиканско значење за снабдување локалната индустрија и занаетчиството.

Член 3

Управата има за задача:

1. припремање материјал за составување на инвестициони и производствени планови на локалната индустрија и занаетчиството, разработување на републиканскиот план на инвестициите и производството на локалната индустрија и занаетчиството и припагање на општодржавниот план во границите на дадените овластенија.

2. водење евиденција за капацитетот, нормативите и потребите на локалната индустрија и занаетчиството.

3. водење евиденција преку народните одбори за работата на локалните индустриски дирекции и претпријатија, занаетчиските кооперации и занаетчиите.

4. Студирање на методологијата за планирање на локалната индустрија и помагање на народните одбори во планирањето.

5. пронајдување методи за работа на локалната индустрија и занаетчиството и давање непосредна помок'.

6. давање смерници на народните одбори за помок' на ситните занаетчии преку занаетчиските организации.

7. давање техничка помок' на локалната индустрија и занаетчиството.

8. старање за снабдувањето на локалната индустрија и занаетчиството со материјали од сојузни и републикански извори.

9. водење евиденција и сметка за тарифите и цените за услугите и за произведенијата на локалните индустриски и занаетчиски претпријатија.

10. Создавање на кадрови и усовршување на нивната стручна спрема преку курсеви и школи.

Член 4

Управата е под непосредно раководство на Министерот за комунални работи.

Член 5

На чело на Управата стои началник кои раководи со сите работи на управата.

Член 6

Министерот за комунални работи н'е одреди кои сектори и друго к'е има Управата.

Член 7

Управата има секретаријат, на чие чело стои секретар.

Секретарот управува со правните и општите работи на Управата.

Член 8

Началникот го поставува Министерот за комунални работи во согласност со Претседателот на Владата.

Другиот персонал на Управата го поставува Министерот за комунални работи по предлог на началникот.

Член 9

Управата има своја предсметка која влегуе во составот на предсметката на Министерството за комунални работи.

Член 10

Поблиски прописи за организацијата и работењето на Управата к'е донесе со правилник Министерот за комунални работи.

Член 11

Оваа Уредба влегуе во сила со денот на објавувањето и во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 1340 11. II. 1948 год. Скопје

| | |
|---|---|
| Министер за комунални работи, | Претседател на Владата на НР Македонија |
| Арх. Киро Георгиевски, с. р. | Л. Колишевски, с. р. |

31

Врз основа чл. 8 од Уредбата за основање Виша педагошка школа во Скопје, Министерот за просвета на НРМ. го пропишуе следниот

## ПРАВИЛНИК

### за организацијата и работата на Вишата педагошка школа во Скопје

### I ОРГАНИЗАЦИЈА

#### А. ЗАДАЧА

Член 1

Задачата на Вишата педагошка школа е:

а) да оспособи преподаватели за нижите класои во средните школи и вишите основни школи и воспитачи за домовито и интернатите;

б) да ги проучуе проблемите со кои што се занимава општата и специјалната педагогика и општата и специјалната психологија и да со резултатите од своите проучувања и научни испитувања ги запознава педагошките работници и широката јавност со одржување на предавања, курсеви или преку печатот.

#### Б. РАКОВОДСТВО И СОСТАВ

Член 2

Вишата педагошка школа ја раководи директорот со помошта на Советот на Вишата педагошка школа.

Член 3

Директорот ја претставуе Вишата педагошка школа пред сите државни органи, се грижи за наставата, администрацијата и општо за редот и правилноста на работата во школата, свикуе и ги раководи седниците на Советот на Вишата педагошка школа, се грижи за имотот на школата, за правилното распределување на одобрените кредити, го чува печатот ја раководи целокупната преписка на школата, ги управуе сите работи предвидени со Уредбата за основање на Вишата педагошка школа и овој Правилник.

Член 4

За својата работа директорот е одговорен пред Министерот за просвета.

Член 5

За успешно изводуење и унапредуење на наставата на директорот му помага Советот на Вишата педагошка школа.

Член 6

Советот на Вишата педагошка школа го сочинуват: директорот и сите преподаватели по главните и помошните предмети.

Советот на Вишата педагошка школа се собира на седница на позив на директорот. На седниците претседава директорот, а решенијата се донесуат со апсолутно мнозинство. При еднаква поделба на гласовите решуе гласот на претседателот.

Член 7

Советот на Вишата педагошка школа се грижи за општиот развиток и напредок на школата: ги претресуе сите прашања и предлози во врска со организирањето и унапредуењето на наставата, како и сите прашања во врска со организирањето на научното испитуење и проучуење на проблемите од општа и специјална педагогика и психологија; го припрема предлогот за предсметката на приходот и расходите и се грижи за снабдуењето на школата и школските установи со сите потребни средства; донесуе одлуки за приредуење екскурзии; определуе на предлог на директорот раководители на библиотеките, научните збирки, кабинетите, лабораториите и другите помошни установи; изработуе годишен план за работа; ги претресуе и донесуе одлуки по предлозите на студентите од Вишата педагошка школа; за превземање на дисциплински мерки спрема слушателите на школата а за поголеми испади ги предложуа за наказание на Министерството за просвета.

## В. ПРОФЕСОРИ И ПРЕПОДАВАТЕЛИ

Член 8

Преподавателскиот персонал во Вишата педагошка школа го сочинуват: професорите, асистентите, хонорарните професори и хонорарните преподаватели.

Професорите ги назначуе Министерот за просвета во согласност со Претседателот на Владата.

Останатиот преподавателски персонал го назначуе Министерот за просвета.

Преподавателскиот персонал се бира со конкурс или се предлага од Советот на Вишата педагошка школа.

Член 9

За професори се земат просветни работници и стручни лица кои што се покажале со својата спрема и со својата школска — научна работа во струката во која што се назначуат и ги исполнуат условите за тие звања предвидени во Уредбата за просветно-научната струка.

Член 10

Асистентите се назначуат како помош на професорите во школската и научно-испитувачката работа. Тие се земат од редовите на младите професори кои што се интересуат за научна работа во оделна струка и треба да ги исполнуат условите за тие звања предвидени во Уредбата за просветно-научната струка.

Член 11

За хонорарни професори и преподаватели се земат просветни работници и стручни лица кои што работат по други места, а можат и способни се да земат определен број часови во Вишата педагошка школа.

Член 12

Бројот на професорите и преподавателите го определуе Советот на Вишата педагошка школа а го потврдуе Министерството за просвета.

Пополнуењето на празните професорски места се врши со повикуење на стручни лица или со конкурс што го објавуе Вишата педагошка школа во согласност со Министерството за просвета. Пополнуењето на празните асистентски и хонорарни места го врши Министерството за просвета на предлог од Вишата педагошка школа.

Член 13

Професорите и преподавателите се должни да ги предаваат своите предмети спрема потпишаниот наставен програм; да идат редовно и на време на часовите; да присаствуат на седниците од Советот на Вишата педагошка школа и да ги пазат службените тајни во кои што спаѓа и она што се зборуе на седниците на професорскиот совет; да се грижат за успехот на работата и воопшто да ги исполнуат сите должности кои што к'е им повери преподавателскиот совет или директорот на Вишата педагошка школа во смисла на Уредбата или Правилникот за Вишата педагошка школа.

Член 14

Економско-административните работи на Вишата педагошка школа ги врши секретарот со нужниот број помошни економско-административни и технички службеници кои што се под директен негов надзор.

Член 15

Секретарот на Вишата педагошка школа го назначуе Министерот за просвета на НРМ.

Секретарот одговара за точното вршење на сите административни и сметковни работи како и за правилното водење со школската архива, школскиот инвентар, евиденција за студентите и за точното вршење на сите работи што к'е му ги стави во должност директорот во смисла на Уредбата за оснивање на Вишата педагошка школа и овој Правилник.

## Г. СЛУШАТЕЛИ

Член 16

На Вишата педагошка школа можат да се запишат лица со свршено средно-гимназиално образование или учителска школа со завршен испит. Слушателите на Вишата педагошка школа се редовни и вонредни. Вонредни слушатели можат да бидат само лица кои што се на учителска или преподавателска служба или учители кои што се на друга служба. За сите овие кандидати потребна е согласност на Министерот за просвета.

Член 17

Запишуењето на кандидатите се врши од 1 до 10 септември заклучно. При запишуењето секој кандидат е должен да ги поднесуе следните документи: свидетелство за положен матурски испит или свидетелство за положен учителски дипломски испит, документ за датата на раѓањето, уверение за бирачко право, лекарско уверение и куса биографија со точна адреса кај што живее кандидатот.

Вонредните кандидати треба да поднесат и одобрение од Министерството за просвета или од административно-оперативниот раководител на стопанското претпријатие односно оперативниот раководител на установата или надлештвото.

Накнадно запишуење може да одобри само Советот на Вишата педагошка школа и тоа најдоцна до 1 октомври.

Член 18

Кандидатите страни државјани можат да са примат во Вишата педагошка школа само со одобрение од Комитетот за школи и наука при Владата на ФНРЈ.

Член 19

На слушателите на почетокот на семестарот им се оверуе уписницата (индексот), а на крајот на семестарот редовно то посетуење на предавањата.

Член 20

Секој слушател мора до има легитимација која што му ја издава Вишата педагошка школо.

Член 21

Редовните слушатели се должни редовно да ги посетуат преведењата, вежбите, семинарите и екскурзиите да ги полагаат испитите во утврдените срокови и да се потчинуат на ните правила на внатрешниот ред, на Вишата педагошка школа.

Член 22

Вонредните слушатели се должни да се интересуат за предавањата во Вишата педагошка школа и да истите по возможност ги набавуат да идат на предавање и практични веж би кога н'е ги викне Советот на Вишата педагошка школа во согласност со Министерот за просвета и да ги полагат испитите во определените срокови.

Член 23

Слушателите кои што не ги исполнуат обврските предвидени во наставниот план и Правилникот за внатрешниот ред на Вишата педагошка школа можат да бидат исипучени од школата. Решение за исклучување донесуе Советот на Вишата педагошка школа кое што стануе изрично штом н'е го одобри Министерството за просвета.

Член 24

Слушателите на Вишата педагошка школа организуат своја младинска организација спрема статутите што важат за организацијата на Народната младина на Југославија. Соработната мег'у младинската организација и Советот на Вишата педагошка школа треба да бида најтесна.

## Д. ОТСЕЦИ И ГРУПИ

Член 25

На Вишата педагошна школа постоат два отсака:

Отсек за оспособуење на преподаватели за нижите класови на гимназиите и вишите основни школи и отсек за оспособуење на воспитачи за домовите и интернатите.

Член 26

Отсекот за оспособување на преподаватели ва нижите класи на гимназиите и вишите основни школи ги има следните групи:

1. група за народен јазик и книжевност;
2. група за руски и српски јазик;
3. група за историја и географија;
4. група за биологија и хемија;
5. група за математика и физика.

Член 27

Отсекот за оспособуење на воспитачи има само една група: група за оспособуење на воспитачи за домовите и интернатите.

Член 28

На групата за народен јазик н'е се учат следните предмети: македонски јазик, со југословенска и општа литература како главен предмет, а српски јазик, руски јазик, педагогика и детска и педагошка психологија како помошни предмети.

На групата за руски и српски јазик н'е се учат следните предмети: руски јазик со руска литература и српски јазик со југословенска литература како главни предмети, а македонски јазик, педагогика и детска и педагошка психологија како помошни предмети.

На групата историја и географија н'е се учат следните предмети: историја и географија како главни предмети а македонски јазик, руски јазик, педагогика и детска и педагошка психологија како помошни предмети.

На групата биологија и хемија н'е се учат следните предмети: биологија (биологија, зоологија, ботаника и физиологија и хемија како главни предмети, а македонски јазик, руски јазик, педагогика и детска и педагошка психологија како помошни предмети).

На групата за математика и физика н'е се учат следните предмети: математика и физика како главни предмети, а македонски јазик, руски јазик, педагогика и детска и педагошка психологија како помошни предмети.

Во отсекот за оспособуење воспитачи н'е се учат следните предмети: историја на педагогиката со општа педагогика и општа дидактика со методика како главни предмети а македонски јазик, руски јазик, хигиjена и школска организација со администрација како помошни предмети.

## II. РАБОТАТА НА ВИША ПЕДАГОШКА ШКОЛА

### А. НАСТАВА

Член 29

Наставата на сите групи на Вишата педагошка школа се изведуе по наставните планови што ги во смисла на Уредбата на Вишата педагошка школа донесуе Министерството за просвета и ги одобруе Комитетот за школи и наука при Владата на ФНРЈ.

Член 30

На основа на наставните планови се изработуе наставен програм за секој предмет. Програмите за секој предмет директорот ги прак'а на одобрение на Министерството за просвета.

Член 31

Наставата на Вишата педагошка школа за редовните слушатели трае една година, а за вонредните две години.

Член 32

Предавањата почнуат на 15 септември и свршуат на 10 јуни.

Член 33

Учебната година се дели на два семестра: зимен семестер и летен. Предавањата во зимниот семестер почнуат на 1 октомври и траат до 1 февруари, а во летниот семестар почнуат од 15 февруари до 10 јуни.

Член 34

Од 1 февруари до 15 февруари трае семестралниот распуст.

Член 35

Редовните слушатели во месец март и април к'е хоспитуваат во скопските средни училишта. Во текот на хоспиту-

вењето секој редовен слушател треба да одржи по едно предавање од главните предмети во некој од долните класои на гимназиите.

## В. ИСПИТИ

Член 36

На крајот на летниот семестар студентите на Вишата педагошка школа полагаат испит од сите предмети што ги изучуеле во својата група. Испитите к'е почнат 15 дена по свршуењето на предавањата т. е. на 25 јуни. За испит секој кандидат се пријавуе со специјална пријава за секој предмет.

Член 37

Испитите к'е се полагаат пред испитни комисии најмалку од три члена. Комисиите за испитите ги определуе Советот на Вишата педагошка школа. Третиот член на комисијата о предметниот преподавател. Ако од некој предмет има повек'е преподаватели, тогај при испитуењето присаствуат сите преподаватели од тој предмет.

Член 38

Испитите се писмени и усни.

Член 39

Писмени испити к'е се одржат од сите главни предмети а од помошните само од македонски јазик.

Член 40

Писмените испити к'е траат четири саати од главните предмети и по два саати од македонски јазик за оние кандидати кои што тој предмет го имаат како помошен. За време на испитите не може да се излегуе надвор, освен во вонреден случај со одобрение на дежурните преподаватели. Во противно к'е се смета оти кандидатот го прекинал испитот.

Писмените испити се работат под контрола на испитната комисија.

Член 41

Темите на писмениот испит к'е се земат од материјалот што е предвиден во програмата.

Член 42

За писмен испит на кандидатите к'е им се предложат три теми, односно три групи задачи и секој к'е може да ја обработуе она тема или група задачи што к'е ја избере.

Член 43

За писмен испит можат да се дадат и практични односно експериментални задачи од оние предмети од кои што се работиле практични односно експериментални вежби.

Чл. 44

Писмените работи ги прегледуе и оценуе испитната комисија за соодветниот предмет.

Чл. 45

Оценките за писмениот и усниот испит се:

одличен (5), многу добар (4), добар (3), и слаб (2).

Чл. 46

Кандидатите после писмениот испит к'е полагаат усен испит без разлика не оценивте добиена на писмениот испит.

Чл. 47

Усни испити к'е се полагаат од сите испити што се учат во групата.

Чл. 48

Усното испитуење к'е трае од главните предмети најмалку триесет минути, а од помошните најмалку дваесет минути.

Чл. 49

На усните испити на кандидатите к'е им се поставуат прашање од материјалот што е предвиден во програмата.

Чл. 50

За да добие позитивна оценка кандидатот треба да покаже, дека го усвоил предвидениот материјал во програмата и дека к'е може да го примени на практика.

Чл. 51

Оцените од усните испити ги дава испитната комисија. Исто така ги утврдуе дефинитивните општи оценки од писмените и усни испити. Општите оценки нема да се изведуат аритметички од оцените на писмените и усните испити, ами според мнението на комисијата. Во случај не несогласие не еднаква поделба не гласањето, одлучуе гласот на претседателот на испитната комисија.

Чл. 52

К'е се смета дека е свршил Вишата педагошка школа оној кандидат кој што не к'е покаже слаб успех ни од еден предмет.

Чл. 53

Кандидати кои што к'е покажат слаб успех од некои предмети во јунскиот испитен срок к'е можат да се јават повторно на испит од тие предмети во наредниот септемврски срок.

Кандидатите кои што и при повторното полагање к'е покажат слаб успех од некој предмет к'е можат да се јават и по трети пат да полагат испит во наредниот февруарски испитен срок но само ако им го тоа позволи Советот на Вишата педагошка школа.

Ако некој кандидат покаже слаб успех и при третото полагање истиот губи право на понатамошно полагање или учење на Вишата педагошка школа.

Чл. 54

На групата биологија и хемија предметите: зоологија, ботаника и физиологија к'е се полагаат како еден предмет. Исто така к'е се полагаат како еден предмет и помошните предмети: педагогика и детска и педагошка психологија.

Чл. 55

За вонредните слушатели испитот се дели на два дела: испит од помошните предмети што се полага после два семестра и испит од главните предмети што се полага после четири семестра. Вонредните слушатели дури не ги положат помошните предмети не можат да го запишат третиот

семестар. Другите одредби важат како и за редовните слушатели.

Чл. 56

На кандидатите кои што к'е ја свршат Вишата педагошка школа к'е им се издаде диплома. Во дипломата к'е влезат: 1) личните податоци на кандидатот: име, татково име, презиме, место и датум на раѓањето; 2) датум кога е свршил школата; 3) оценка од секој предмет; 4) признато звање за квалификован преподавател за струката за која се спремал.

Чл. 57

Дипломата ја потпишуе директорот на Вишата педагошка школа и преподавателот на соответната испитна комисија.

Чл. 58

Овој Правилник стапув на снага од денот на објавуењето во „Службен веснин на НРМ"

II Бр. 1272, 29 I 1948 год., Скопје.

Министер на народна просвета,
Д. МИРЕ, с. р.

82

Врз основа чл. 42 ст. 4 и чл. 43 од Уредбата за принадлежностите на државните службеници на Народната Република Македонија поради правилна примена на чл. 42 ст. 2 од истата Уредба, со предлог на Министерот на финансиите, Председателот на Владата на Народна Република Македонија издава

# Времено напатствие

## ЗА ПРИМЕНА НА ЧЛ. 7 И 8 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАКНАДА НА РАЗНОСКИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУЕЊА И СЕЛИДБИ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО Н. Р. МАКЕДОНИЈА

I. — Дневниците од ст. 1) чл. 7 на Правилникот за накнада на разноските за службени патувања и селидби на државните службеници во Н. Р. Македонија („Службен весник на НРМ", бр. 13 од 13 јули 1945 г.) изменет со Решението за дневниците за службени патувања на службениците на Владата на Народна Република Македонија, нејзините установи, на работниците и намештениците од државни стопански претпријатија под републиканска управа („Службен весник на НРМ" бр. 22 од 7 јули 1946 год.), к'е се одредуат спрема врстата во којашто е доделеното звање на службеникот распоредио при преведуењето во смисол на чл. 12 од Законот за државните службеници.

Спрема тоа:

дневница од 220.— динари припаѓ'а на службеник со звање што е распоредено во прва врста:

дневница од 200.— динари припаѓ'а на службеникот со звање што е распоредено во втора врста;

дневница од 180 — динари припаѓ'а на службеникот со звање што е распоредено во трета врста;

дневница од 160.— динари припаѓ'а на службеник со звање што е распоредено во четврта врста;

II. — По точ. I од ова Напатствие ке се постапи и во поглед на намештениците од чл. 7 ст. 2 на Правилникот за накнада на разноските за службени патуења и селидба на државните службеници во НР Македонија што се преведени на поедини звања од струките спрема чл. 10 од Законот за државните службеници.

III. — Кај службените патувања кои што се завршени во време од 1 октомври 1947 год. до денот на влегуењето во сила на ова Напатствие, дневнице и другите накнади, ако гоа за службениците е по добро, да се одредат и на следен начин:

1. — за службениците од точ. I на ова Напатствие према групата во која што биле пред преведуењето — по чл. 7 ст. 1 од Правилникот;

2. — за намештениците од чл. ст. 2 од Правилникот спрема височината на принадлежностите.

IV. — Накнада за возен билет за личен превоз на службеното патување ке се одредуе по чл. 9 ст. 1 од Правилникот за накнада на разноските за службените патувања на следен начин:

1. — на службениците со звања што се распоредени во I и II врста им припаѓа со железница II класа, а со параход I класа;

2. — на службениците со звања што се распоредени во III и IV врста им припаѓа со железница III класа, а со параход II класа.

V. — За одредуење височина на дневницата за хонорарни службеници, работници, лица од приватниот и кооперативниот сектор и за пензионери важат одредбите од чл. 7 ст. 2 од Правилникот за накнада на разноските за службени патувања и селидби.

Накнада за возен билет на овие лица им припаѓ'а спрема височината на одредената дневница со тоа, да правото на одредената дневница со тоа, да правото на дневницата од 200 и 220 динара го повлечуе правото на накнада на возниот билет на II класа со железница, а I класа со параход, а дневницата под 200.— дин. го повлечуе правото на накнада на возен билет III класа со железница и II класа со параход.

VI. — Прописите од Правилникот за накнада на разноските за службени патувања и селидби кои што се однесуат намалуење на дневниците за 10% ако службената работа се врши во местото од II раздел на скапотија и кои што се однесуат на намалуење дневниците за 20% односно 30% после 10 односно 20 дена проведени во истото место престануат да важат.

VII. — Ова Напаствие влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија", а к'е се применуе од 1 октомври 1947 год.

Бр. 1849, 11 II. 1948 година, Скопје.

Претседател на Владата на
Н. Р. Македонија,
Л. Колишевски, с. р.

Министер на финансиите,
Д. Џамбаз, с. р.

# Содржина:


| Рег. бр. | | Стр. бр. |
|---|---|---|
| 26 | Закон за пензионирање и установување правото на пензија на бившите самоуправни службеници и пензионери на подрачјето на Народна Република Македонија | 49 |
| 27 | Уредба за привремено финансирање државните потреби на Народна Републиka Македониja и потребите на народните одбори за период Јануари—март 1948 година | 51 |
| 28 | Уредба за месген самодопринос | 51 |
| 29 | Уредба за образуење државна арбитража на територијата на Народна Република Македонија | 54 |
| 30 | Уредба за оснивање Управа за локална индустрија и занаетчиство при Министарството на комуналните работи | 54 |
| 31 | Правилник за организацијата и работата на Вишата педагошка школа во Скопје | 55 |
| 32 | Времено намествие за примена на чл. 7 и 9 од Правилникот за накнада разноските за службени патуења и селидби на државните службеници во Народна Република Македонија | 59 |


Издава: Службен весник на Народна Република Македонија — новинско издателско претпријатије, ул. Маршал Тито бр. 10. Директор и одговорен уредник Љуб. Б. Исаиев, ул. „4" бр. 5 — Печатница „Гоце Делчев" — Скопје.